Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-427
mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 19-718/2
30-01-2025 20 год.

# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Согласно Програмата на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2025 година бр.09-11562/8 од 27.12.2024 година и согласно Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање на месечните сметки за дневниот оброк во продолжен престој за ученици од социјално ранливи категории во основните училишта на подрачје на Општина Кисела Вода бр.09-1050/22 од 02.02.2024 година, Општина Кисела Вода објавува

## ЈАВЕН ПОВИК

**За субвенционирање на месечните сметки за дневниот оброк во продолжен престој за ученици од социјално ранливи категории во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода**

Општина Кисела Вода објавува Јавен повик со цел да им излезе во пресрет на социјално ранливите семејствата од подрачјето на Општина Кисела Вода кои имаат ученик во продолжен престој во основните училишта на подрачје на Општина Кисела Вода и користи топол оброк за време на престојот, на истиот ќе му се исплатат средства согласно член 3 од Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање на месечните сметки за дневниот оброк во продолжен престој за ученици од социјално ранливи категории во основните училишта на подрачје на Општина Кисела Вода во висина од 50% но не повеќе од 80% од предвидената сума за периодот додека трае учебната година, во зависност од вкупно предвидените средства за таа намена, а согласно со склучениот договор за снабдување со топол оброк меѓу родителот/старателот на ученикот- корисник на оброкот и добавувачот.

**Лица кои ќе се опфатат со мерката субвенционирање на месечните сметки за дневниот оброк во продолжен престој за ученици од социјално ранливи категории во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода се:**

- Деца од еднородителски семејства и самохрани родители.
- Деца сместени во згрижувачко семејство, деца под старателство.
- Деца без родители и родителска грижа.
- Деца од семејства корисници на гарантирана минимална помош.
- Деца од семејства со ниски приходи (материјално-необезбедени семејства, семејства чии вкупни месечни приходи не го надминуваат износот на минималната плата по вработен ),
- (согласно дефинициите и одредбите предвидени со Законот за социјална заштита)

**Апликантите задолжително треба да ги исполнуваат следните услови и да ја достават следната документација**

-Родителот/старателот на ученик - корисник на топол оброк во основното училиште на подрачје на Општина Кисела Вода, да има склучен договор за снабдување со топол оброк помеѓу родителот/старателот на ученикот – корисник на оброкот и добавувачот.

-Барање за субвенционирање на месечните сметки за дневниот оброк во продолжен престој за ученици од социјално ранливи категории во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода.

**Кон барањето подносителот е должен да ја поднесе следната документација:**

-Барање (образец), достапен на WEB страната на Општина Кисела Вода и Архивата на Општина Кисела Вода
- Изјава за согласност за користење на личните податоци.Достапна на WEB страната на Општина Кисела Вода и во Архивата на Општина Кисела Вода.
- Доказ за жителство на подрачје на Општина Кисела Вода (копија од лична карта на родител/старател.
- Потврда за редовен ученик ( издадена од О.О.У).
- Копија од извод на матична книга на умрени (за деца со починат родител).
- Копија од пресуда за развод на брак ( деца од разведени родители).
- Копија од извод од матична книга на родени (деца со еден родител).
- Копија од потврда- решение за корисници на гарантирана минимална помош.
- Изјава дека вкупните месечни приходи на семејството не го надминуваат износот на минималната нето плата по вработен, (изјава заверена на нотар-оргинал), достапна на WEB страната на Општина Кисела Вода и во Архивата на Општина Кисела Вода.
-Изјава дека средствата кои Општина Кисела Вода ќе им ги префрли на нивните трансакциони сметки истите ќе ги префрлат на фирмата со која имаат склучен договор за снабдување со топол оброк, (изјава заверена на нотар-оргинал), достапна на WEB страната на Општина Кисела Вода и во Архивата на Општина Кисела Вода.
- Копија од потврда-решение за деца сместени во згрижувачко семејство, ставени под старателство, деца без родители и родителска грижа.
- Копија од склучен договор за снабдување со топол оброк.
- Трансакциска сметка на родител/старател.

**Начин на реализација на Јавниот повик и рок на пријавување:**

Јавниот повик за субвенционирање на месечните сметки за дневниот оброк во продолжен престој за ученици од социјално ранливи категории во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода , ќе биде објавен на WEB-страната на Општина Кисела Вода и на огласните табли во сите основни училиштата. Во определениот рок барателите, пополнетиот и потпишан образец (барање) заедно со потребната документација во прилог (затворен плик), го доставуваат во Архивата на Општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката, во рокот утврден во Јавниот повик во период од 08:00 часот до 16:00 часот.

По завршувањето на Јавниот повик и проверка на документацијата, Комисијата формирана од страна на Градоначалникот со арх.бр.19-718/1 од 27.01.2025 година, ќе оформи конечни листи за исплата и истите со потребните податоци за барателите ќе ги достави до Секторот за финансии на Општина Кисела Вода.

Општина Кисела Вода при прибирање и обработка на потребната документација, ќе се придржува на одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

**Напомена: Барањата без комплетно приложена документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат!**

**Рокот за пријавување започнува на ден 31.01.2025 година (петок) и трае пет работни дена.**

Комисија за спроведување на постапка за субвенционирање
на месечните сметки за дневен оброк во продолжен престој за ученици
од социјално ранливи категории во основните училишта
на подрачјето на Општина Кисела Вода

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

# БАРАЊЕ

## За субвенционирање на месечните сметки за дневниот оброк во продолжен престој за ученици од социјално ранливи категории во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

1. Податоци за подносителот на барањето:

Од ________________________________со ЕМБГ______________________________
адреса на живеење:_________________________и контакт телефон______________

2. Кон барањето ја поднесувам следната документација:

-Доказ за жителство на подрачје на Општина Кисела Вода (копија од лична карта на родител/старател).
- Потврда за редовен ученик ( издадена од О.О.У).
- Копија од извод на матична книга на умрени (за деца со починат родител).
- Копија од пресуда за развод на брак ( деца од разведени родители).
- Копија од извод од матична книга на родени (деца со еден родител).
-Копија од потврда- решение за корисници на гарантирана минимална помош. -
- Копија од потврда-решение за деца сместени во згрижувачко семејство, ставени под старателство, деца без родители и родителска грижа.
- Копија од склучен договор за снабдување со топол оброк.
-Изјава дека вкупните месечни приходи на семејството не го надминуваат износот на минималната нето плата по вработен, (изјава заверена на нотар-оргинал).
-Изјава дека средствата кои Општина Кисела Вода ќе им ги префрли на нивните трансакциони сметки истите ќе ги префрлат на фирмата со која имаат склучен договор за снабдување со топол оброк, (изјава заверена на нотар-оргинал).
- Изјава за согласност за користење на личните податоци.
-Трансакциска сметка на родител/старател.

Место:____________
Датум:____________

Барател:
________________

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

# Изјава

## за согласност за користење на личните податоци

Јас________________________________________________________________

Врз основа на член 6 од Законот за заштита на лични податоци (Службен весник бр.7/2005; 103/2008; 124/2010 и 135/2011), со оваа изјава ја изразувам својата согласност за обработка и чување на моите лични податоци во архивата на лични податоци од страна на Општина Кисела Вода.
Согласноста за обработка изразена погоре ги вклучува и следните лични податоци: име и презиме, датум на раѓање, матичен број, адреса на живеење и контак телефон.

Со ова потврдувам дека сум известен/а за моето право на:
* Пристап и примена на моите лични податоци.
* Оправдано барање во писмена форма за блокирање на обработка на моите лични податоци поради посебна причина/ситуација, како и тоа дека давањето на моите лични податоци е доброволно.
* Го задржувам правото во секое време повлекувањето на согласноста да го дадам писмено или во која било друга форма.

Оваа изјава ја давам доброволно.

Место: ________________

Датум:________________

Изјавил:
________________

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

# Изјава

Јас_______________________________________со ЕМБГ________________________________________ број на лична карта:______________издадена од МВР-_____________ и адреса на живеење__________________________________________, родител на________________________ ученик во____одд, во ООУ______________________________________, Кисела Вода-Скопје, под целосна морална, материјална и кривична одговорност се обврзувам дека средствата кои Општина Кисела Вода ќе ми ги достави на трансакциска сметка, наменети за субвенционирање на месечните сметки за дневен оброк во продолжен престој истите ќе ги исплатам на фирмата____________________, со која училиштето има потпишано договор за снабдување со топол оброк, а која е избрана во училиштето согласно постапката за јавна набавка .

Место:

____________________

Датум:

____________________

Изјавил:

__________________

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

# Изјава

Јас________________________________________со ЕМБГ_________________________________________ број на лична карта:______________издадена од МВР-_____________ и адреса на живеење___________________________________________,
Под целосна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека вкупните месечни приходи на семејството не го надминуваат износот на минималната нето плата по вработен во семејството.

Место:

________________

Датум:

________________

Изјавил:

__________________